РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-655/30
21-11-2018 20 год.
СКОПЈЕ

Бр. 03/1184
21.11.2018 год
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 46 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) и Одлуката за изменување на одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија на локалитетот "Ада", с.Мрзенци општина Гевгелија бр.44-9899/1 од 06.11.2018 година (Службен весник на Република Македонија бр.205/18)

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
   застапувана од Министерот за економија
   Kreshnik Bekteshi
   (во натамошниот текст: Концедент)
   и
2. Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво
   ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија
   со адреса: Ул. Борис Кидрич 6б Гевгелија, Гевгелија
   Република Македонија
   застапувано од лицето Влатко Динев

на ден __________ 2018 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА- ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "АДА" С.МРЗЕНЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот "Ада" с.Мрзенци, општина Гевгелија бр.24-655/24 од 24.10.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија членот 3 се менува и гласи:

"Член 3

Просторот на кој е доделена концесијата од член 1 на овој договор се наоѓа на локалитетот "Ада" с.Мрзенци, општина Гевгелија и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати. Точките на координатите

меѓусебно се поврзани со прави линии како што се дадени на Топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М=1:5000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7627856 | 4558828 |
| Т-2 | 7627906 | 4558827 |
| Т-3 | 7627912 | 4558792 |
| Т 4 | 7627840 | 4558790 |
| Т-5 | 7627839 | 4558782 |
| Т-6 | 7627834 | 4558771 |
| Т 7 | 7627810 | 4558772 |
| Т-8 | 7627804 | 4558774 |
| Т-9 | 7627823 | 4558792 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P=0.003064km$^2$/квадратни километри/."

Член 2

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографска карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во 7 (седум) еднообразни примероци од кои по 5 (пет) примероци за Концедентот и по 2 (два) примерока за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот "Ада" с.Мрзенци, општина Гевгелија бр.24-655/24 од 24.10.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ПЕЛАГОНИЈА ТИРИЦ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот "Ада" с.Мрзенци, општина Гевгелија бр.24-655/24 од 24.10.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија, остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА

Kreshnik Bekteshi

За Концесионерот
Друштво за производство,
трговија услуги и градежништво
ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ ДООЕЛ
увоз-извоз Гевгелија

Благој Дитев

Изработил: Александра Митреска
Контролирал: м-р Јетон Кучи
Одобрил: д-р Ејуп Љатифи
Согласен: Зоран Павловски

**Локалитет:** Ада, ...

**Минерална суровина:** ...  = 0,003064 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7627856 | 4558823 |
| 2 | 7627906 | 4558827 |
| 3 | 7627912 | 4558792 |
| 4 | 7627840 | 4558790 |
| 5 | 7627839 | 4558782 |
| 6 | 7627834 | 4558774 |
| 7 | 7627810 | 45587[illegible] |
| 8 | 7627804 | 4558774 |
| 9 | 7627823 | 4558792 |